6081

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP

pres-kliping • press-clipping

(Osnovano 1952. godine)

JUGOSLOVENSKA NOVINSKA AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 60801-603-15330

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
15. II. 1980, 11875, 10,

**НОВИНИ ОД МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ**

# ОСУМДЕСЕТ ПОДАРЕНИ ДЕЛА

**● ДАРОДАВЦИ ОД ГРЦИЈА, ШПАНИЈА, ФРАНЦИЈА ИТАЛИЈА, РОМАНИЈА ЧЕХОСЛОВАЧКА И ЈУГОСЛАВИЈА. — ИЗЛОЖБАТА НА ПЕТНАЕСЕТМИНАТА МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ ПРЕД СКОПЈАНИ ОД ПОНЕДЕЛНИК**

**МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ** перманентно расте во голема галерија на светската уметност. Во просториите на импозантниот објект на Кале „живеат" околу две илјади и седумстотини дела (слики во масло, скулптури, графики, цртежи...), подарени од илјада и триста уметници од четириесет земји од петте континенти. Од некои земји има дури и цели колекции.

Иако од земјотресот во главниот град на Социјалистичка Република Македонија изминаа повеќе од шеснаесет години, сепак не стивнува меѓународната солидарност на ликовните уметници од светот со Скопје и македонскиот народ.

Во изминатата година, на пример, во салоните и депоата на Музејот на современата уметност пристигнаа осумдесет дела како подароци од грчки, романски, француски, шпански, италијански, чехословачки и југословенски уметници.

**СО ПОДАРОЦИТЕ ОД ГРЦИЈА,** што со ланските се зголемија на триесет и четири, може да се рече, дека Музејот веќе има богата колекција од современата грчка ликовна уметност. Новите дародавци од оваа соседна земја се: **Танасис Кривопуловс, Вангелис Васинос, Марија Хаџигаки, Кула Бекиари, Беба Ангелину, Христина Зерву, Ахилеас Апергис, Ѓоргос Николаидис, Ахилеас Друнгас, Ана Константину, Иоана Спитарис, Елени Статопулу, Васо Катраки, Тонна Николаиди, Елени Зерву, Сосо Контарату и Диохаиди.**

**Владимир Јаншек** од Чехословачка подари дваесет и седум графики Потоа **Иоан Деак Бистрица** (28 цртежи) и **Јон Григореску** (три слики), двајцата од Романија; француските уметници **Ерве Деламон** (6 цртежи) и **Серж Елиа** (две слики во масло); ним им се придружуваат и делата на **Цери Шерин, Шпанија и Ларис Гранди,** Италија.

Не заtaија и подароците од југословенски уметници, меѓу нив ги среќаваме имињата на **Миодраг Ѓорѓевиќ и Борко Лазески,** како и на Дружината од Шенпас, СР Словенија.

**ОТКУПИ И НАГРАДИ. —** Десетина нови дела (слики во масло, графики, скулптури) си најдоа место во Музејот преку откупите и откупните награди што традиционално ги остварува оваа културна институција. Тоа се дела од корејскиот уметник **Кум Банк Хванг; Младен Србиновиќ,** Белград и македонските уметници **Димо Тодоровски, Томо Владимирски, Борко Лазески, Драган Поповски — Дада и Вангел Наумовски.**

Вове треба да се истакне дека заедно со откупените дела и експонатите, отстапени на чување од асоцијациите на културата од нашата Република, вкупниот фонд на ликовни дела на овој музеј ја надминува бројката од три илјади ликовни единици.

**ИЗЛОЖБАТА НА ПЕТНАЕСЕТМИНАТА ПРЕД СКОПЈАНИ. —** В понеделник, на 18 февруари во 18 часот, свечено ќе биде отворена изложбата „15 современи македонски ликовни уметници" во салоните на Музејот за современа уметност во Скопје. Овој, така да се рече, антологиски ликовен избор ги претставува достигањата на нашите уметници **Васил Василев, Доне Миљановски, Петар Хаџи Бошков, Родољуб Анастасов, Жарко Јакимовски, Ристо Калчевски, Танас Луловски, Стефан Маневски, Ѓоко Матевски, Петар Мазев, Вангел Наумовски, Душан Перчинков, Драган Поповски — Дада, Мира Спировска и Томо Шијак.**

Оваа изложба достоинствено ја претстави современата македонска ликовна уметност пред граѓаните на Дубровник, Сараево, Љубљана, Приштина и Белград. Таа предизвика големо интересирање кај љубителите на уметноста во споменатите градови и доби многу позитивни одгласи во критиката.



**Васко Катраки, Грција: „Бел коњ", дрворез**

Музеите и галериите на овие градови беа главните иницијатори за преземањето и отворањето на изложбата „Петнаесетмина современи македонски ликовни уметници" во нивните средини. Тоа е факт што радува. Дотолку повеќе кога знаеме колку е добро кога убавото ќе се најде пред поширок аудиториум. **(М. М.)**